ПРАГМАТИКА

ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА

ars libris®

Прагматика: Јазик и комуникација
Марија Кусевска и Елени Бужаровска

© 2020 Арс Ламина – публикации

Арс Либрис, дел од Арс Ламина – публикации
Скопје, 2020

Главен и одговорен уредник
Бранка Бугариска

Уредник
Ведран Диздаревиќ

Лектор
Викторија Мирческа

Јазична коректура
Дејан Василевски

Дизајн на корица
Pointer Creative Agency

Графичко уредување
Арс Ламина – публикации

Печати
Бранко Гапо – графичко производство, Скопје

Тираж
1000

Оваа книга е издадена со поддршка на
Министерството за култура на Р. Северна Македонија

Сите права се задржани. Ниту еден дел од оваа книга не смее да биде препечатуван или пренесуван во каква било форма или со какви било средства, електронски или механички, вклучувајќи и фотокопирање, документирање или да биде зачуван во систем за повторно пронаоѓање без писмена согласност од издавачот.

МАРИЈА КУСЕВСКА И ЕЛЕНИ БУЖАРОВСКА

ПРАГМАТИКА

ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА

Содржина

Вовед **9**

1 Дефинирање на прагматиката 9

2 Развојот на прагматиката 11

3 Односот на прагматиката со другите лингвистички дисциплини 13

4 Опис на книгата 15

5 Структура на книгата 16

1 Комуникација, контекст и пресупозиција **19**

1 Модел на комуникација 21

2 Контекст 25

2.1 Заедничко знаење 26

2.2 Скрипти и рамки 30

2.2.1 Скрипти 30

2.2.2 Рамки 31

3 Пресупозиција 32

2 Референција и деиксис **39**

1 Референција 41

1.1 Семантичка референција: именски референциски изрази 43

1.2 Анафорска и катафорска референција 46

2 Деиксис и деиктички изрази 48

2.1 Персонален деиксис 49

2.2 Просторен деиксис 52

2.3 Темпорален деиксис 56

2.4 Дискурсен деиксис 58

3 Принцип на кооперативност и имплицитните значења 61

1 Кооперативност и максимите на конверзација 63

2 Имплицитни значења 65

2.1 Конверзациски импликатури 65

2.1.1 Својства на конверзациските импликатури 69

2.1.2 Видови конверзациски импликатури 73

2.2 Конвенционални импликатури 74

2.3 Теорија за релевантност и контекстуални импликации 76

4 Принцип на учтивост 81

1 Вовед 83

2 Теорија на учтивост заснована врз конверзациски максими 85

3 Теорија на учтивост заснована на „лице“ 87

3.1 Лицето во македонскиот јазик 88

3.2 Позитивна и негативна учтивост 89

3.3 Стратегии за реализација на говорните чинови 91

4 Општествен модел на учтивост 94

4.1 Учтивост на дело: анализа на ТВ-емисија 96

5 Говорни чинови 103

1 За теоријата на говорни чинови 105

2 Структурата на говорниот чин 106

3 Принципи за успешност на говорните чинови 110

4 Класификација на говорните чинови според нивната илокуциска сила 112

5 Класификација на директните говорни чинови според показателите за илокуциската сила 117

6 Говорните чинови во конверзација 120

6 Директност и индиректност 123

1 Дефинирање на директноста и индиректноста 125

2 Видови индиректност 127

2.1 Инференциска индиректност 127

2.2 Конвенционална индиректност 130

3 Реченични структури и реализација на говорните чинови 132

3.1 Исказни реченици 133

3.2 Императивни реченици 133

3.3 Прашања 134

4 Поврзаноста на директноста и индиректноста со учтивоста 135

5 Дискурзивен приод кон директноста и индиректноста 138

6 Директноста и индиректноста во македонскиот јазик 140

7 Конверзациска анализа 145

1 Што е конверзација 147

2 Јазичните карактеристики на конверзацијата 148

3 Организација на конверзацијата 151

3.1 Дијалошки парови 151

3.2 Редоследно обраќање 155

4 Субјективност и инволвираност на говорителот во конверзацијата 160

8 Дискурсни маркери 165

1 Функцијата и потеклото 167

2 Текстуални дискурсни маркери 169

3 Прагматички маркери 174

3.1 Содржински (пропозициски) маркери 174

3.2 Интерперсонални прагматички маркери 178

3.3 Конверзацијата и прагматичките маркери 182

3.4 Својства на прагматичките маркери 183

9 Анализа на дискурсот 187

1 Дискурс и текст 189

2 Формален аспект: Кохеренција и кохезија 192

3 Функционален аспект на дискурсот 196

10 Меѓукултурна и интеркултурна прагматика 207

1 Прагматиката и културата 209

1.1 Пречки во комуникацијата 210

1.2 Влијанието на културата врз дискурсот 211

1.3 Терминолошки лавиринт 212

2 Меѓукултурна прагматика 213

2.1 Влијанието на културата врз комуникацијата 215

2.2 Како е во македонската култура 217

3 Прагматичка компетенција 219

3.1 Прагматичка компетенција на изучувачите на странски јазици 220

3.2 Прагматички трансфер 221

4 Интеркултурна прагматика 222

4.1 Карактеристики на интеркултурната прагматика 224

4.2 Социокогнитивен приод кон интеркултурната комуникација 225

Користена литература 229

Вовед

1 Дефинирање на прагматиката

Што е прагматика, со што се занимава, колку е присутна во нашиот живот – тоа се само неколку прашања на кои ќе понудиме одговор во оваа книга.

Прагматиката е дисциплина која спаѓа во поширокото подрачје на лингвистиката, односно дисциплина која се занимава со јазикот. Јазикот е едно од најважните средства во човековата комуникација без која се става под прашање неговиот опстанок. Не случајно, Лајонс (Lyons 1982) ја користи изреката *Loquor ergo sum* (Зборувам, значи постојам) креирана според познатиот афоризам на Декарт, *Cogito ergo sum* (Мислам, значи постојам). Затоа не нѐ изненадува фактот дека меѓу првите теориски дисциплини кои ќе се јават уште во античкиот период е реториката, дисциплина која ги истражува средствата преку кои јазикот може да се искористи во убедувањето, односно во пренесувањето на политичките идеи.

Оттогаш, па до денес, човечката комуникација ќе стане предмет на истражување на најразлични дисциплини, од филозофијата, социологијата, психологијата, педагогијата и лингвистиката до, во најново време, маркетингот и информатиката. Заедно тие придонесуваат да се обликува теоријата на комуникацијата и да се формира дисциплината комуникологија.

Прагматиката најчесто се дефинира како јазична дисциплина што го проучува јазикот во практиката. Оттука потекнува и името на оваа дисциплина: поимот (од грчки ’дело, полза‘) го вовел Чарлс Морис (Morris 1938) во рамките на семиотиката, теорија за знаците. Семиотиката опфаќа три сегмента на проучување: семантика – односот на знакот кон значењето на објектот, синтакса

– односите меѓу знаците и прагматика – односот помеѓу знакот и говорителот. Таквото семиотичко гледање на прагматиката во центарот на изучувањето го става начинот како говорителите ги толкуваат јазичните знаци. Иманентното својство на знакот лежи во кодирачката и декодирачката способност која ја поседуваат луѓето како учесници во комуникацијата. Поради важната улога што ја имаат учесниците во обликувањето на јазичната комуникацијата, фокусот на научниот интерес се поместува од знакот кон корисникот на јазикот. Со други зборови, интересот се фокусира не само на јазикот како систем на знаци туку и на тоа како говорителите го употребуваат тој систем во процесот на комуникација, како знакот го менува значењето зависно од контекстот и комуникациската цел на говорителот. Под комуникациска цел се подразбира целта што говорителот сака да ја постигне во дадената комуникација со соговорникот.

Комуникацијата ја остваруваме преку јазични искази за да пренесеме некое значење. Без значење исказот не може да ја постигне саканата цел. Но, како ги вршиме тие говорни функции, какви средства користиме, од што зависи изборот на средствата, дали тие средства се разликуваат од еден јазик во друг, како тие се усвојуваат во друг јазик – сите овие прашања се проучуваат во прагматиката. Со проучувањето на прагматиката стекнуваме подлабоко и посеопфатно разбирање за улогата на јазикот во општеството, за релацијата на човекот со јазикот, и на тој начин можеме да објасниме што прави човекот со јазикот во секојдневната комуникација, односно да го сфатиме неговото т.н. вербално однесување.

Во сите вербални активности луѓето го користат јазикот за некоја цел: на пример, за извинување употребуваме соодветни изрази кои не се исти со изразите за честитање или поздравување. Еден јазичен израз ќе биде правилно сфатен ако е приспособен кон ситуацијата.

Прагматиката е научна дисциплина која го проучува јазикот во контекст, односно како контекстот придонесува за разбирањето на значењето на еден јазичен израз во вербалната комуникација помеѓу говорителот и соговорникот. Зависно од контекстот и

од функцијата на исказот еден ист израз може да има различни значења. Изразот *Таму има ѓолемо куче* може да се сфати и како соопштение и како предупредување. Изразот *Имаш зелено светло* има различна интерпретација во различни ситуации: констатација, ако слушателот во собата има зелена светилка, апел за поминување на улицата ако стоиме на семафорот и дозвола да се почне некоја работа. Под поимот контекст се подразбираат повеќе елементи (Hymes 1964). Пред сè, тој се однесува на самите говорители кои го приспособуваат својот јазик зависно од идентитетот, возраста, општествениот статус и меѓусебните односи. Различно зборуваме со дете, колега, роднина, пријател, сосед, директор, банкарски службеник и сл. Контекстот го одредуваат темата и околностите во кои се одвива разговорот бидејќи од нив зависи изборот на стратегиите и однесувањето на говорителите. Така, истите говорители ќе зборуваат различно на работен состанок или кога се во ресторан на вечера. Тие може да користат различен код: дијалект, сленг, академски, разговорен или стручен јазик.

2 Развојот на прагматиката

Лингвистичката прагматика е релативно нова научна дисциплина во науката за јазикот. Иако денес таа се смета за неопходен дел од лингвистиката, корените на прагматиката ги наоѓаме во филозофијата на јазикот која се занимавала со прашањата за неговото потекло и употреба.

Прагматиката се развила од филозофската школа основана од Џон Остин во педесеттите на дваесеттиот век во Оксфорд. За разлика од филозофската струја која се занимавала со формален приод кон јазикот со фокус на логичката структура на јазикот,* овие филозофи се интересирале за природниот јазик. Остин (Austin 1962) ги изложува основните принципи на оваа нова дисциплина во книгата „Како да дејствуваме со зборовите“

* Филозофите Готлоб Фреге, Алфред Тарски и Бернард Расел, и нивните следбеници Ричард Монтејг, Дејвид Доналдсон и Дејвид Луис.

(„How to do things with words“). Во тоа време расте интересот на филозофите кон јазикот како општествен феномен, и кон значењето на контекстот и функцијата на јазикот во комуникацијата. За разлика од теоретичарите на формалната синтакса кои не разликуваат реченица и исказ, тие го земаат исказот како основна единица на јазичната комуникација. Со вербалните искази наречени *говорни чинови* може да правиме нешто, да дејствуваме. Така, теоријата за говорни чинови, која е разработена од филозофите Остин (Austin 1962), Серл (Searle 1969) и Грајс (Grice 1975), претставува основа на која се надоградуваат нови теории поврзани со вербалната комуникација. Тие теории се сметаат за класична верзија на прагматиката која се фокусира на проучување на инференцијалните (имплицитните) значења и успева да се одвои од семантиката. Во осумдесеттите години доаѓа до разделување на прагматиката во две поголеми насоки: инференцијална и социопрагматичка. Првата се смета за продолжување на „класичната“ прагматика заинтересирана за когнитивниот аспект на комуникацијата, додека втората става акцент на општествениот аспект на комуникацијата.

Во поново време, како резултат на фокусирање на одредени аспекти на прагматиката, и од овие две насоки се издвојуваат повеќе интердисциплинарни дисциплини. Од инференцијалната насока потекнаа следните видови прагматика: нормативна, формална, киберпрагматика, меѓујазична, клиничка и невропрагматика (Мишковиќ-Луковиќ 2015: 17). Нив ги обединува интересот за когнитивните процеси што ја определуваат комуникацијата, но меѓусебно се разликуваат според методите на проучување. Така, нормативната прагматика се фокусира на правилата со кои се регулира јазичната комуникација, а посебно како се гради аргументацијата; формалната прагматика проучува како се создава значење во процесот на комуникација и применува методи од формалната семантика; меѓујазичната прагматика е поврзана со усвојувањето на комуникациските вештини и стекнување прагматичка компетенција при учење втор јазик; киберпрагматиката се занимава со проучувањето на когнитивните аспекти на електронската комуникација; клиничката прагматика ги изучува

психосоматските проблеми при вербалната комуникација, додека невропрагматиката го става акцентот на невролошката основа на комуникациските способности на човекот.

Во социопрагматичкиот правец се развиваат интерперсоналната, меѓукултурната, варијациската и институционалната прагматика. Во фокусот на интерперсоналната прагматика се релациите меѓу говорителите во тек на комуникацијата (на пример, кооперативност, учтивост), меѓукултурната прагматика ги споредува различните култури преку одредени аспекти на употребата на јазикот (на пример, реализацијата на говорни чинови), варијациската прагматика се занимава со употребата на јазик зависно од макросоцијални фактори (регион, етнички идентитет и општествена класа), институциската прагматика ја анализира употребата на јазикот на институциите (во судница, во болница, во компанија). Овие теории припаѓаат на англоамериканската прагматичка школа која прагматиката ја става во потесни рамки од европската прагматичка школа. Во европската традиција се развива прагмалингвистиката како теорија за јазичната комуникација (Prucha 1983; Verschueren 1999) во која акцентот е ставен на функцијата на когнитивните, општествените и културолошките аспекти на употребата на јазикот.

3 Односот на прагматиката со другите лингвистички дисциплини

Левинсон (Levinson 1983) го застапува „потесниот“ приод кон предметот на прагматиката, сметајќи дека таа треба да се занимава со проучување на граматикализирани релации помеѓу јазикот и контекстот, односно да ја проучува употребата на јазичните знаци во процесот на комуникација. Основните јадра на дисциплината се теоријата за говорни чинови и теоријата на имплицитното значење. Во поширокото разбирање на прагматиката интересот се става на говорителите што го користат јазикот во општеството и на изучување на комуникациското однесување: комуникациски принципи, говорни стратегии, правила за конверзација и сл.

Прагматиката, како дел од лингвистиката, има допирни точки со јазичните единици на секое ниво: фонологијата, морфологијата и синтаксата. Изборот на јазичниот знак зависи од нашиот однос кон слушателот, а не од самиот објект. На пример, може да му се обратиме на слушателот со *ти* или *вие* или, пак, на некој маж со *господине, мајсторе, дечко, сине, батко*. Јазикот нуди можност за избор на еден знак од повеќе блискозначни знаци што ни стојат на располагање. Тие припаѓаат на различни јазични нивоа: фонетско (на пример, *што* или *шо*), морфолошко (*дете, детенце, детуленце, детиште*), лексичко (*преувеличува, претерува, не ја кажува вистината, измислува, лаже, суши*), и синтаксичко. Примерите за влијанието на прагматиката врз синтаксата се разнородни, од избор на соодветна конструкција зависно од контекстот (*немој да одиш, да не си отишол таму, не треба да одиш, не би било добро да одиш* и сл.) до градење на збороредот во реченицата според прагматичките причини (*Јован разговара со Весна во ходникот, со Весна Јован разговара..., во ходникот Јован разговара... и сл.*). Посебно е тесна врската меѓу прагматиката и семантиката. Иако границите меѓу нив не се остри, во прагматиката грубо кажано се изучува тоа што не го опфаќа семантиката па на почетокот на својот развој дури подбивно се нарекувала „канта за отпадоци“ (Меу 2001). Во прагматиката се проучуваат сите значења што зависат од поширокиот и потесниот контекст, имено деиктичкото и имплицитното значење.

Прагматиката, односно „практичната“ употреба на јазикот во секојдневието, се јавува и како поттикнувач на семантичките промени. Така можат да се објаснат изведените, конверзациски значења на голем број зборови кои го изгубиле првобитното значење и служат како говорни, односно, дискурсни сигнали како што се *значи, молам, знаеш, види, повелете* и др.

За да дојде до општи заклучоци за јазичната практика, прагматиката се потпира врз автентична јазична продукција и поради тоа се преклопува со дисциплината *анализа на дискурсот*. Разликата е во фокусот: анализа на дискурсот користи сознанија од прагматиката за да ја објасни јазичната продукција, односно како говорителите го употребуваат јазикот за одредена цел и во

определен контекст, на пример во училница, во банка, на ТВ-дебата, на лекар и во многу други ситуации.

Прагматиката тесно се испреплетува со стилистиката, реториката, социолингвистиката и психолингвистиката, а сознанијата од прагматиката се користат во голема мера во комуникологијата, антропологијата, политикологијата, маркетингот и во теоријата на превод.

4 Опис на книгата

Прагматиката е релативно нова дисциплина и интересот за неа постојано расте. Во македонската лингвистика како да постои недостиг од пообемни прагматички истражувања преку кои можеме да дознаеме повеќе за нашата култура и менталитет, за вредностите кои се во основата на нашата комуникација, како и за организацијата на општеството. „Прагматика: Јазик и комуникација“ се појави со цел да ја пополни оваа празнина.

Книгата ги има следните карактеристики:

1. Јазикот се разгледува од гледна точка на неговите корисници, како тие го користат и како го разбираат. Значењето на исказите во процесот на комуникацијата се разгледува во согласност со заедничкото знаење и општествените услови.

2. Опфатени се основните поими поврзани со прагматиката. Се разгледуваат поими значајни во формулирањето на исказите и нивното разбирање како контекст, референција, принципите на кооперативност и учтивост, говорните чинови и сл.

3. Опфатени се теми кои денес се актуелни во прагматичките истражувања.

4. Теориските концепти и принципи се илустрирани со искази или секвенци земени од автентични ситуации во македонската средина.

Најголемиот број прагматички истражувања се одвиваат во западните земји, пред сè во САД и во Велика Британија. Но, интересот за прагматиката е огромен и бројот на прагматичките истражувања интензивно се зголемува насекаде во светот:

Јапонија, Кина, Јужна Кореја, Малезија, Русија, Полска, Израел, Иран, Турција и др. Интересот и бројот на прагматичките истражувања се зголемува и во нашата земја. Сите тие истражувања покажуваат дека теориите изнесени во оваа книга може да се земат како основни рамки. Онаму каде постојат отстапувања, тие рамки можат да се модифицираат. Таму каде што се забележуваат различни појави, нови концепти и нови принципи се додаваат. Преку навлегувањето во значењата на другите култури, подобро ги разбираме и значењата на сопствената култура.

Прагматиката е привлечна и за стручната и за пошироката јавност. Оваа книга ги содржи основните поими и принципи на употребата на јазикот во практиката. Според тоа, особено е значајна за студентите по јазици. Извесно лингвистичко познавање секако би било од корист при нејзиното читање, но тоа не е неопходно. Соодветна е за читање за сите кои се интересираат за јазикот пошироко. Со цел да ја приближиме кон оние што се интересираат за прагматиката, теориските поими се илустрираат со автентични примери од македонскиот јазик. Најголем број од нив се од секојдневната комуникација, но има и примери земени од медиумите и литературата. Веруваме дека на лингвистите ќе им помогне да ги определат рамките на нивните прагматички истражувања; на нелингвистите ќе им појасни зошто некои работи ги кажуваме така како што ги кажуваме; на оние во бизнисот зошто треба да внимаваат како ги формулираат своите искази во комуникацијата со странците и какви последици тоа може да има за нив. Но, кај сите ќе ја подигне свесноста дека зборувањето не е произволно и хаотично. Јазикот и комуникацијата се структурирани според определени принципи кои треба да ги разбереме и правилно да ги применуваме.

5 Структура на книгата

Книгата се состои од вовед и уште десет поглавја. Во *воведот* се дефинира прагматиката и се опишува нејзиниот развој и поврзаноста со други лингвистички дисциплини. Преостанатите

поглавја можеме да ги поделиме во неколку групи. Во првото и второто поглавје се разгледува поврзаноста на јазикот со надворешниот свет и меѓусебните врски на јазичните елементи во дискурсот. Во *првото поглавје* се осврнуваме на формулирањето на пораката и улогата на контекстот, организацијата на знаењето и користење на претходното знаење за разбирање на пораката. Во *второто поглавје* се претставува како јазикот, како средство за комуникација меѓу луѓето, се поврзува со контекстот, т.е. со реалниот свет и со другите јазични средства употребени во дадениот дискурс. Се разгледуваат неколку аспекти поврзани со референцијата и деиктичките изрази.

Во следните две поглавја акцентот се става на основните принципи на комуникација. Предмет на разгледување на *третото поглавје* е принципот на кооперативност и максимите на квалитет, квантитет, релевантност и начин. Се разјаснуваат начините на кои ги почитуваме или ги кршиме за да манипулираме со јазикот. Предмет на *четвртото поглавје* е принципот на учтивост како социокултурен феномен кој е тесно поврзан со учесниците во комуникацијата, нивната моќ во општеството и блискоста, како и со тежината на наметнувањето.

Тема на петтото и шестото поглавје се говорните чинови. Во *петтото поглавје* се објаснуваат структурата на говорните чинови, условите што треба да бидат исполнети за реализацијата на говорните чинови и нивната класификација. Во *шестото поглавје* се дискутира директноста и индиректност и разните видови индиректност.

Седмото, осмото и деветтото поглавје ја поврзуваат прагматиката со дискурсот. Во *седмото поглавје* фокусот е на конверзациската анализа која се фокусира на секојдневната конверзација, нејзините карактеристики и организација. Во *осмото поглавје* се задржуваме на дискурсните маркери, група зборови кои немаат семантичко, но имаат големо прагматичко значење и се особено значајни во секојдневната комуникација. Во нашиот осврт ги разгледуваме нивните функции и потекло, мултифункционалноста и интерперсоналноста. *Деветтото поглавје* ја претставува врската на прагматиката со анализата на дискурс која го анализира

текстот, пишан или говорен, со цел да ја открие неговата организација, идеологија или цел. Ги објаснуваме жанрот, стилот и функцијата на текстот, градењето на кохезијата и кохеренцијата во текстот и разните видови функционални стилови на дискурс (новинарски, академски, дискурс на работното место, на електронската комуникација, говорен дискурс).

Со оглед на широката глобализација и интензитетот на комуникација меѓу припадници на различни култури, *десеттото поглавје* го посветивме на меѓукултурната и интеркултурната прагматика. Меѓукултурната прагматика ја дефинираме како истражување на јазичните појави во различни култури (говорни чинови, учтивост, директност и индиректност) и нивна споредба. Интеркултурната прагматика го истражува процесот на комуникација меѓу учесници од различни културни средини, кои имаат различен мајчин јазик, но во моментот комуницираат на некој заеднички јазик (*lingua franca*). Тука се разгледува и прагматичката компетенција, познавањето на правилата на комуникација во мајчиниот јазик, но и во странскиот/вториот јазик на кој се комуницира.